Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна Општинска Установа за деца
Detska gradinka
Ent publik-Çerdhja komunale për fëmijë
"8-Март" "8-Marsi"
Br 02-9111
Nr 06.06.2024
Struga-Strugë

Врз основа на член 27 од Статутот, член 116 од Законот за заштита на децата а во врска со член 67 од Законот за заштита на децата(„Сл.весник на Р.М.“ бр.23/13, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19), Управниот одбор на ЈОУДГ„8-ми Март“-Струга на состанокот одржан на ден 06.06.2024 година донесе :

О Д Л У К А

За утврдување на работното време на вработените во ЈОУДГ„8-ми Март“-Струга

Член 1

ЈОУДГ„8-ми Март“-Струга како институција согласно член 67 од Законот за заштита на децата и Законот за вработените во јавниот сектор го утврдува работното време во ЈОУДГ„8-ми Март“-Струга.

Член 2

Работното време на вработените во ЈОУДГ„8-ми Март“-Струга е со почеток и завршеток на работното време од 06:00 часот до 16:30 часот, согласно Законот за заштита на децата и ќе биде распоредено на следниов начин :

1. Работното време на вработените во администрацијата започнува во 08:00 часот до 16:00 часот, со време за дневен одмор од 12:00 до 12:30 часот.
2. За воспитно – згрижувачки кадар работното време е распоредено на работно време поминато со деца и останатото работно време за други програмски активности во склоп на вкупното работно време и тоа :

   За воспитувачи поради природата на работата се распоредува на работно време поминато со децата со почеток од 07:00 часот до 13:00 часот и останатото работно време за други програмски активности во склоп на вкупното работно време.

   За негователки поради природата на работата се распоредува на работно време поминато со децата со почеток од 08:30 часот до 16:00 часот и останатото работно време за други програмски активности во склоп на вкупното работно време, а на дежурните негователки работното време му започнува од 09:00 часот и трае се додека има деца во градинката.

3. На стручните работници и соработници работното време им започнува во 08:00 часот до 16:00 часот.

4. На техничкиот персонал работното време распоредено по работни места и задачи е распоредено на следниов начин :
   На хигиеничари, работното време им започува од 07:00 часот и трае до 15:00 часот, од 07:30 часот и трае до 15:30 часот, од 08:30 часот и трае до 16:30 часот.
   На хаусмајстор, работното време им започува од 07:00 часот и трае до 15:00 часот.
   На парно-ложач, работното време им започува од 06:00 часот и трае до 14:00 часот.

5. На вработените во централната кујна,Главниот готвач, работното време им започнува од 06:00 часот и трае до 14:00 часот, на Пом.готвач работното време им започнува од 06:30 часот и трае до 14:30 часот, на садомијач-сервер, работното време им започнува од 07:00 часот и трае до 15:00 часот; од 07:30 часот и трае до 15:30 часот; од 08:00 часот и трае до 16:00 часот.
6. Работното време на набавувач-возач му започнува од 07:00 часот и трае до 15:00 часот.
7. Работното време на градинар-чувар му започнува од 08:30 часот и трае до 16:30 часот, а се во зависност од потребите на ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга.

Член 3

Сите вработени во ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга имаат право на дневен одмор. Истиот ќе се усогласува интерно според потребите на установата, а согласно член 67 од Законот за заштита на децата(„Сл.весник на Р.М." бр.23/13, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19).

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Општина Струга.

ЈОУДГ„8-ми Март"-Струга
Претседател на Управен Одбор

Катерина Талевска Скепароска